Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........ 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМУНИКАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-720/4 од 30.9.2013 година донесена на 100. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 30.9.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм“ на 5 септември 2013 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите д-р Александра Жежова, д-р Ана Здравковска-Илиевска и д-р Весна Танчева.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 9, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Александра Жежова е родена на 3 септември 1980 година во Скопје**. Дипломира на 30 јуни 2003 год. на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофски факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнува со звање дипломиран социјален работник, со просечен успех 9,5. Магистрира на 17 март 2007 год. на Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнува со звање магистер на социолошки науки, со просечна оценка 10. На 30 април 2010 г. кандидатката ја одбранува својата докторска дисертација под наслов „Информирање на печатените медиуми за современите морални предизвици во Р. Македонија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, при што се стекнува со звање доктор на социолошки науки.

Во прилог на пријавата, кандидатката ги има поднесено сите потребни документи што се бараат според Конкурсот.

Има приложено потврди дека ги владее англискиот и албанскиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство во образованието, има учествувано во научноистражувачки проекти и е добитник на повеќе награди. Од 2005 до 2007 година работи како демонстратор на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет на предметите: Методологија на социолошки истражувања, Социјална патологија и Квантитативни и квалитативни истражувања. Паралелно со ова, во овој период е и координатор на проектот за граѓански услужни центри во Општина Центар во Скопје. Учесник е на проектот „Социотерапевтски клуб на деца под ризик“ – изнаоѓање на интервентни форми во работата со деца под ризик.

Од 2010 година па до денес работи како доцент на Факултет за правни науки при Европски универзитет – Р. Македонија. На овој факултет е ангажирана за повеќе предмети од прв и втор циклус студии од нејзината област. Од учебната 2011/2012 година активно е вклучена и во изведувањето на наставата од втор циклус студии на Факултетот за детективи и криминалистика при истоимениот Универзитет.

Во научноистражувачката дејност се афирмира преку учество и презентација на стручни трудови на конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и отворени трибини.

- Кандидатката активно учествува во повеќе научноистражувачки проекти од кои најзначајни се следните:Во 2001 година – Проект „Дрогата, младите, семејството (можности за третман, рехабилитација и ресоцијализација на лица што злоупотребуваат дрога);
- Во 2001 година – Проект „Трговија со жени“ – Невладина организација „Отворена порта“;
- Во 2002 година – Дел од проектот „Малолетничка деликвенција“ – финансиран од Британската амбасада;
- Во 2003 година координатор на проект „Балканска меѓууниверзитетска лабораторија за социјално-педагошки истражувања“ – финансиран од Отворено општество;
- Од 2003 до 2004 година учествува во проектот „Функционирање и менаџмент на граѓански услужни центри“ – организиран од ЕУ – ФАРЕ проектот за развој на локалната самоуправа;
- Во 2004 година учествува во проект „Локална акција – национална стратегија“ – Младински акционен план;
- Во 2006 година учествува во проектот „Psychical and emotional disorder in the behavior at children from families with violence, crime and society meeting“ – Р. Бугарија.

Д-р Жежова во својот професионален развој е добитник на неколку награди и признанија. Во 2003 година е прогласена за најдобар студент на Институтот за социјална работа и социјална политика. Истата година е прогласена за најдобар студент на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Во 2004 година е добитник на наградата „ФЕНИКС“, за постигнување во областа на науката од Општин Центар – Скопје.

***Научни и стручни трудови***

Кандидатката е автор на повеќе стручни трудови меѓу кои ги издвојуваме следниве:

- А. Жежова, „Социологија на правото, Нови медиуми и електронска демократија (социјални мрежи)“ – авторски предавања, Европски универзитет – Скопје;
- А. Жежова, „Полициско работење во заедниците“ – авторски предавања, Европски универзитет – Скопје;
- А.Жежова, „Хомосексуалноста (од патолошки модел до општествен конструкт)“.

Кратка евалуација на публикувани скрипти (авторизирани предавања)

1. Спасов, Ѓ., Жежова, А. (2011). Социологија на правото. Европски универзитет. Факултет за правни науки.

Во скриптата се обработува материјалот поврзан со социологијата на правото, составена е од девет дела и има 103 страници. Опфатени се предметот и методите на социологијата на правото, правото и социологијата во структурата на општествените науки, историските и теоретските основи на социологијата на правото, Втемелувањето на социологијата на правото, општеството, човекот и правото, основните содржини и категории на предметот на социологијата на правото, социјалните функции на правото, правото и посебните облици на општествена свест и регулативните институции и правото.

2. Жежова, А. (2012). Нови медиуми и електронска демократија. Европски универзитет. Факултет за информатика.

Скриптата е посветена на материјата поврзана со новите медиуми и електронската демократија, составена е од шест глави и има 83 страници. Опфатени се теми, како масмедиумите и општеството, развојот на науката на комуникациите, значењето на информацијата и процесот на комуникација, улогата на медиумите во модерната демократија, средствата за јавно информирање, односите помеѓу масмедиумите и општеството, слободното новинарство, либералната демократија и слободниот печат, глобализацијата и електронските медиуми и социјалните мрежи.

3. Жежова, А. (2012). Полициско работење во заедниците. Европски универзитет. Факултет за детективи и криминалистика.

Скриптата ја опфаќа материјата поврзана со полициското работење во заедниците, составена е од шест глави и има 110 страници. Опфатени се клучните принципи на демократското полициско работење, полициската етика, владеењето на правото, полициската етика и човековите права, отчетноста и транспарентноста на полицијата, партнерството меѓу полицијата и граѓаните, полициската организација и раководење, мултисекторскиот пристап во превенцијата на криминалот, превентивната улога на полицијата, информациските системи на МВР, превенцијата на малолетничкото престапништво и улогата на меѓународната заедница во превенцијата на криминалот.

Комисијата смета дека кандидатката д-р Александра Жежова ги исполнува сите услови кои се бараат според Конкурсот за избор на наставник во наставно научно звање доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

***Биографски податоци***

Д-р Ана Здравковска-Илиевска е родена на 14 февруари 1974 г. во Битола. Во 1999 година дипломира на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнува со звање дипломиран професор по македонски јазик. Магистрира во 2008 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнува со звање магистер на комуникации. Во 2013 година докторира на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, при што се стекнала со звање доктор на комуникации. Моментално работи во компанијата "Solutions as Prima" како независен консултант за односи со јавноста на проекти во земјата.

Во прилог на пријавата, кандидатката ги нема доставено во оригинал сите потребни документи кои се бараат според Конкурсот и заверени копии на нотар. Кандидатката има доставено само список на објавени трудови, без доказ за истите, кратка биографија и потврда за одбранет докторски труд, потврда за познавање странски јазик и примерок од рецензијата на нејзиниот докторски труд (сите документи не се во оригинал и не се заверени на нотар), а нема доставено ниту дипломи за стекнато звање магистер и доктор на науки.

Поради тоа, Комисијата нема да го евалуира овој кандидат.

***Биографски податоци***

Д-р Весна Танчева е родена 21 февруари 1974 г. во Прилеп. Дипломира во 2008 г. на Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и се стекнува со звање дипломиран професор по англиски јазик и книжевност, со просечна оценка 6.89. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има завршено и друго формално образование. Магистрира во 2001 година на Факултет за туризам и угостителство – Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола. Докторскиот труд на тема „HACCP системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор" го одбранува во 2010 год. на Економски институт - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнува со звање доктор на економски науки. Кандидатката има завршено и Факултет за туризам и угостителство на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, каде што се стекнува со звање дипломиран организатор по туризам и угостителство. Од приложената документација се заклучува дека кандидатката има Решение за постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно во Основниот суд во Струмица, издадено од Министерството за правда. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство како: предавач, наставник, асистент, помлад асистент, регионален координатор, наставник по англиски јазик, туристички агент/заменик менаџер, шеф на кујна, рецепционер и туристички агент. Истовремено, како прилог на биографијата, кандидатката има доставен список со работно искуство во високообразовни институции (Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје, Факултет за туризам и МИТ Универзитет – Скопје, Академија за гастрономија и Факултет за менаџмент на еколошки и рурален туризам) и притоа е наведен нејзиниот ангажман по академски години, семестри

и предмети. Доставена е листа за учество на конференции, семинари и проекти. Приложен е список на објавени трудови, трудови во ракопис и книги и има доставено документација со која тоа се потврдува. Кандидатката има доставено потврда за познавање на странски јазик, како и диплома за познавање на компјутерски програми. Покрај ова, кандидатката има доставено и сертификати за учество на разни конференции, научни собири и обуки.

Комисијата смета дека кандидатката д-р Весна Танчева е несоодветен кандидат за избор според Конкурсот за избор на наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област комуникации во туризмот, бидејќи е доктор на економски науки, што не е соодветно за избор во областа комуникации во туризмот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Александра Жежова ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за наставник во наставно-научно звање доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката има соодветно образование и се афирмира преку наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да ја избере д-р Александра Жежова за наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дејан Методијески, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Сузана Џамтовска-Здравковска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Нако Ташков, вонреден професор, член, с.р.**

**П р и л о г**

**Табела за вреднување на активностите на Александра Жежова, според критериуми-те за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странс-тво | |
| Наставно-образовна дејност (НО) | | | | |
| 1. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања | | | |
| 2. | Интерна скрипта и практикум од предавања и вежби<br>- Полициско работење во заедницата (авторизирани предавања), Прирачник, Скопје, 2012<br>- Нови медиуми и електронска демократија (социјални мрежи) (авторизирани предавања), втор циклус, Скопје, 2012<br>- Социологија на право (авторизирани предавања) Скопје, 2012 | 4*3 | | 12 |
| 3. | Ментор на одбранет докторат<br>-Унапредување на положбата на жената-нормативна рамка и општествени услови | 1*6 | | 6 |
| 4. | Ментор на одбранета магистерска работа<br>- Алтернативните методи за решавање на спорови во меѓународното трговско право, со разработка на арбитража медијација<br>- Usability анализа на Интернет социјалните мрежи<br>-Стратешки приод кон полноправно членство на Р.Македонија во НАТО до Самитот во Букурешт<br>-Светската трговска организација и можностите за членство на Р.Македонија во неа<br>-Мултилатералното преговарање низ меѓународните организации<br>-Социолошките аспекти на корупцијата во Р.Македонија<br>-Придонесот на невладиниот сектор во застапување и заштита на човековите права во Р.Македонија<br>- Спроведување на конфискација на приноси од кривични дела од областа на корупцијата според македонското и споредбеното право | 10*3 | | 30 |
| 5. | Ментор на одбранета дипломска работа<br>(максимум 7)<br>-Аспекти на партискиот плурализам во периодот на транзицијата во Р.Македонија<br>- Владеење на правото и правната држава<br>-Еколошките проблеми и правото<br>-Реформите во јавната администрација во Р.Македонија и процесот на европска интеграција<br>-Улогата и значењето на народниот правобранител во Р.Македонија<br>-Локалната самоуправа во Р.Македонија и улогата на ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа)<br>-Социолошко-правни карактеристики на семејното насилство во Р.Македонија | 1*7 | | 7 |
| 6. | Член на комисија за одбрана на докторат<br>- Моделирање на политичките системи низ призмата на Библијата | 2*1 | | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7)<br>-Злоупотреба на позицијата на работодавецот и нарушување на правата во работните односи<br>-Карактеристики на малолетничката (со осврт на правните акти и закони за заштита на децата-зависници од алкохол и дрога)<br>-Меѓународниот надзор врз имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на детето<br>-Семејно насилство<br>-Вештачењето како дел од реформските процеси во областа на правосудството | 0,2*7 | | 1,4 |
| 8. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии)<br>Назив на предметите и фонд на часови<br>-Социологија на правото (3+2)<br>-Административно право (3+2)<br>-Семејно и наследно право (3+2) | 13,5 | | 13,5 |
| 9. | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс<br>- Назив на предметите и фонд на часови<br>-Корупција и нејзино спречување (3+2)<br>-Право на здруженија на граѓани и фондации (3+2)<br>-Мултилатерална дипломатија (3+2)<br>-Историја на дипломатијата (3+2)<br>-Полициско работење во заедниците (3+2)<br>-Меѓународно трговско право (3+2)<br>-Социјални мрежи (3+2) | 15,7 | | 15,7 |
| | Вкупно: | 87,6 | | |

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странс-тво | |
| Научноистражувачка дејност (НИ) | | | | |
| 1. | Одбранета докторска теза<br>-Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Р.Македонија (април, 2010 год.), Институт за социологија, Филозофски факултет | 8 | | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа<br>- Општествените промени и стапката на самоубиства во Р.Македонија (март, 2007 год.) Институт за социологија, Филозофски факултет | 4 | | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>- 25.06. – 3.7.2001 г.<br>Дрогата-младите – семејството (можности за третман, рехабилитација и ресоцијализација на лица што злоупотребуваат дрога)<br>- 17.20.11.2001 г.<br>Трговија со жени во организација на Невладината организација „Отворена порта“<br>- 1.6-30.7.2002 г.<br>Малолетничка деликвенција, како дел од проект финансиран од Британската амбасада | 3*2 | | 6 |
| | | | | |
| | Вкупно: | 18 | | |
| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странс-тво | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА+ОР) | | | | |
| 1. | Труд објавен во стручно (научно-популарно) списание (во земјава)<br>- Александра Жежовска (2009) Хомосексуланоста од паталошки модел до општествен конструкт, Зборник на трудови при Европски универзитет на Р. Македонија, Скопје | 1*2 | | 2 |
| 2. | Учесник во научен проект<br>- 15.3. – 23.3.2003 г.<br>Балканска меѓууниверзитетска лабораторија за социјално предагошки истражувања, финансирана од Отворено општество, координатор на проектот, презентација во Пловдив, Бугарија<br>- 2004 г. мај Младински акционен план, Проект: Локална акција – национална стратегија.<br>- 27-29.9.2006 г.<br>Psychical and emotional disorder in the behavior at childred from families with violence, crime and society meeting, Bulgaria. | 3*5 | | 15 |
| 3. | Стручни награди, признанија, сертификати, благодарници и сл.<br>- Награда „Раде Петроски“ во 2003 г. за најдобар студент на Институтот за Социјална работа и социјална политика<br>- Награда во 2003 г. за најдобар студент на Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил Методиј“ - Скопје<br>- Во 2004 година, добитник на наградата „ФЕНИКС“, за постигнување во областа на науката од Општина Центар<br>- Во 2004 година добиена диплома од Европската унија ФАРЕ за успешно завршување на проектот МПП/12, имплементиран од мај – јуни 2003 година. | 4*4 | | 16 |
| | Вкупно: | 33 | | |
| | Вкупно: | 138,6 | | |